„**Инклузија во сообраќајот- секое дете е важно**“

Безбедноста во сообраќајот е едно од најважните прашања кога станува збор за учениците, бидејќи тие се активни учесници во секојдневното движење од дома до училиште и обратно. Особено внимание е потребно за учениците со попреченост, кои често се соочуваат со дополнителни пречки и предизвици при учество во сообраќајот[1]. Инклузивниот пристап бара сите деца да имаат еднакви можности за безбедно движење, без разлика на нивните индивидуални способности.

Децата како учесници во сообраќајот треба да уживаат посебна заштита во сообраќајниот систем, а особено децата со посебни образовни потреби. Во системот за безбедност во сообраќајот безбедноста на децата треба да биде врвен приоритет за сите.

Посебно внимание треба да се посвети на регулирањето на сообраќајот во училишните зони, каде што најголем број од учесници во сообраќајот се децата. Возењето на автомобилите најчесто е со недозволена брзина, а несовесното возење со несоодветна брзина на возилата, како и непочитувањето на сообраќајни знаци и правилата[2] претставува главен фактор за сообраќајни несреќи со фатални последици . Ризик за безбедноста на учениците исто така претставува и употребата на мобилни телефони и слушалки кои учениците ги користат како учесници во сообраќајот. Честопати децата се премногу концентрирани на разговор, порака или музика, па не ги забележуваат автомобилите, семафорите или сигнализацијата. На тој начин нивната внимателност значително се намалува, што ја зголемува можноста за несреќи .

**Основни принципи на безбедност**

1. **Едукација за сообраќајни правила** – Учениците уште од најрана возраст треба да бидат запознаени со основните правила: преминување на пешачки премини, користење семафори, почитување на сообраќајните знаци[3].
2. **Развивање на сообраќајна култура** – Потребно е воспитување на одговорно однесување, како кај учениците така и кај возрасните учесници во сообраќајот.
3. **Соодветна инфраструктура** – Обезбедување добро обележани пешачки премини, тротоари и безбедни зони околу училиштата[4].

**Инклузивен пристап за учениците со попреченост**

Учениците со попреченост често се соочуваат со потешкотии како што се ограничена подвижност, нарушен вид или слух, што ја зголемува нивната ранливост. За нивната безбедност потребно е:

- Пристапни пешачки премини со рампи и звучни семафори за лица со оштетен вид

- Јасни визуелни ознаки и поголема видливост на патеките за движење.
- Обучување на возачите за препознавање и почитување на потребите на лицата со попреченост.
- Асистенција при движење каде што е потребно, преку вклучување на соучениците, наставниците или волонтерите.

  Според една студија, **децата со инвалидитет (5–17 г.)** имале значително повисока стапка на  повреди: на пример, 4.2 % од лицата со оштетен вид, 4.5 % со ADHD и 5.7 % со астма споредено со само 2.5 % кај здравите деца[6]

  Во САД, децата со попреченост имале **повеќе од пет пати поголем ризик** (adjusted OR = 5.53) да бидат удрени како пешаци или велосипедисти во споредба со децата без попреченост[7] .

  Светски податоци: според СЗО, децата со попреченост имаат 2–4 пати поголем ризик од повреда во сообраќај.

**Улогата на училиштето и заедницата**

- Наставниците и стручните служби треба редовно да организираат едукативни работилници за сообраќајна безбедност.
- Родителите имаат важна улога во практичната обука – да ги научат децата како безбедно да се движат во реални ситуации.
- Општината и институциите се должни да обезбедат соодветна инфраструктура и поддршка за сите ученици.

**Истражувања и статистики за Македонија**

Според податоците на Министерството за внатрешни работи, во периодот од 2019 до 2023 година животот го загубиле **14 деца во сообраќајни несреќи** во Македонија[8]. Над 60% од овие несреќи се предизвикани од прекумерна брзина, додека квалитетот на патната инфраструктура учествува со само околу 1% во причините за несреќите.

Овие податоци јасно укажуваат дека најголемиот ризик за учениците произлегува од човечкиот фактор – несоодветно однесување на возачите, особено прекумерната брзина. Затоа, покрај едукацијата на учениците, неопходно е и систематско подигнување на свеста кај возачите и подобро почитување на зоните околу училиштата.

**Табела: Број на загинати деца во сообраќајот во Северна Македонија (2019–2023)**




## Заклучок

Зголемена безбедност на децата во сообраќајот подразбира едуцирање на децата уште од најрана возраст . Децата треба да ги знаат основните правила и прописи во сообраќајот. Обврска на сите нас се да ги заштитиме и правилно да ги насочиме учениците кон правилата во сообраќајот. Во својот живот ќе бидат во улога на возач, на пешак, на велосипедист. Затоа потребно е поголема едукација која ќе има како крајна цел безбедноста да им биде на прво место. Безбедноста во сообраќајот не е само индивидуална, туку и општествена одговорност. Со примена на инклузивен пристап, каде што се земаат предвид потребите на учениците со и без попреченост, можеме да создадеме услови за еднакво и безбедно учество во сообраќајот. Само преку заеднички напори на училиштето, семејството и заедницата ќе се обезбеди средина во која сите деца ќе се чувствуваат сигурни и заштитени.

---

1. UNICEF North Macedonia, „Inclusive Road Safety for Children", 2022.
2. ПРИРАЧНИК Безбедни училишни зони
3. Vlada.mk – Едукативни програми за деца, 2012.
4. Министерство за транспорт и врски, „Инфраструктурни стандарди за безбедност", 2020.
5. MVR.gov.mk, „Превентивни активности во училиштата", 2022.
6. NCBI
7. PubMed
8. MVR.gov.mk, Годишен извештај 2019–2023.

Автори:
Сања Точева-Специјален едукатор и рехабилитатор во ООУ,,Кочо Рацин"-Нов Дојран
Гордана Терзиева-наставник ментор по биологија и хемија во ООУ,,Кочо Рацин"-Нов Дојран